Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-7050/3 од 18.12.2015 година, донесен на 40-та седница одржана на 18.12.2015 година, се изготви Пречистен текст на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Пречистениот текст на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ги опфаќа: Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата, бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година, Правилникот бр.01-5504/1 од 18.09.2015 година за изменување и дополнување на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата, бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година и Правилникот, бр.01-5504/2 од 18.12.2015 година за изменување и дополнување на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата, бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година и бр.01-5504/1 од 18.09.2015 година.

# Правилник за службена облека и обувки на вработените и ангажираните надворешни соработници во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за кои е предвидено задолжително носење на службена облека, видот на службената облека, составот на службената облека и времето на нејзината употреба.

На вработените во Агенцијата, кои се распоредени на работни места согласно Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Прилог бр.1 – Табеларен преглед на работните места и звања, односно на лицата кои се ангажирани како надворешни соработници, а за кои со овој Правилник е предвидено задолжително носење на службена облека, им следува зимска и летна облека, без надоместок.

### Член 2

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да им обезбеди службена облека на вработените односно на ангажираните надворешни соработници во Агенцијата, кои се распоредени на следните работни места, и тоа:

- работник во кујна;
- возач, доставувач,

- работник на пријавница и
- домаќин.

Доколку вработените на работните места наведени во став 1 на овој член, не ја носат службена облека, прават повреда на работните обврски од работниот однос.

## 2. СЛУЖБЕНА ОБЛЕКА ВО АГЕНЦИЈАТА

### Член 3

Службената облека, во зависност од сезоната на која се однесува, може да биде зимска и летна.

Зимската службена облека, се носи во периодот од 15 октомври до 31 март, а летната службена облека се носи во периодот од 1 април до 14 октомври во годината.

Во зависност од временските услови, директорот на Агенцијата може да донесе писмена наредба зимската, односно летната службена облека да може да се носи и надвор од периодот утврден во став 2 на овој член.

Работникот е должен службената облека да ја носи за цело време на вршење на работите и работните задачи и да ја одржува во уредна состојба.

Службената облека не може да се оттуѓи. На службената облека не можат да се вршат било какви измени спротивно на одредбите од овој Правилник.

### Член 4

Зимската службена облека за мажи, се состои од: зимски класичен костум (палто и панталони), кошула со долги ракави и вратоврска.

Летната службена облека за мажи, се состои од: летен класичен костум (палто и панталони), кошула со куси ракави и вратоврска.

### Член 5

Зимската службена облека за жени, се состои од: здолниште или панталони и зимско палто, кошула со долги ракави и марама.

Летната службена облека за жени, се состои од: летно здолниште или панталони и женска кошула со куси ракави, марама и елек.

За работниците во кујна, покрај службената облека се обезбедуваат и обувки.

### Член 6

Зимската службена облека да е со следниов состав на ткаенина:

- зимски класичен костум (палто, панталони или здолниште) со состав волна 45% и полиестер 55%, со дозволено отстапување од 5%,
- кошули со долги ракави со состав памук 70% и полиестер 30%, со дозволено отстапување од 5%,
- вратоврски, со состав - 100% полиестер, и
- марами, со состав - 100% полиестер.

Летната службена облека да е со следниов состав на ткаенина:

- летен класичен костум (палто, панталони или здолниште и елек) со состав полиестер 80% и вискоза 20%, со дозволено отстапување од 5%,
- кошули со куси ракави со состав памук минимум 70% и полиестер минимум 30%, со дозволено отстапување од 5%,
- вратоврски, со состав - 100% полиестер, и
- марами, со состав - 100% полиестер.

**Член 7**

Службената облека е со следната кројка:

- палто – со вообичаена кројка и се закопчува со 3 (три) копчиња. Однапред од двете страни има по 1 (еден) џеб и е поставено со постава во боја на основниот материјал,
- панталони – (зимски и летни) со вообичаена кројка. Однапред од двете страни имаат по 1 (еден) кос џеб и потребен број на гајки за ремен. Панталоните до потколено се со постава во боја на основниот материјал. На десната задна страна има џеб со стандардна големина од 14 см,
- вратоврска – со вообичаена кројка,
- здолниште – со вообичаена кројка, одзади со отвор долг 20 см и патент затворач. Од внатрешната страна е поставено со соодветна боја. На појасот има 1 (едно) копче. Здолништето е со стандардна должина до потколена,
- кошула со долги и куси ракави – со вообичаена кројка и 1 (еден) џеб на левата страна и
- елек со вообичаен/машки крој, со 3 (три) копчиња напред и со по 1 (еден) џеб од двете страни, со стандардна големина.

Деловите на службената облека во внатрешната страна на вообичаено место имаат етикета со ознака на производителот, големината, како и инструкциите за одржување.

**Член 8**

Времетраењето на службената облека изнесува:

| Реден број | Назив | Количина | Времетраење |
|---|---|---|---|
| • ***Работник во кујна*** | | | |
| **А) Делови на зимска службена облека** | | | |
| 1. | здолниште или панталони | 3 | 12 месеци |
| | палто | 3 | |
| 2. | кошула со долги ракави | 5 | 12 месеци |
| 3. | вратоврска или марама | | |
| **Б) Делови на летна службена облека** | | | |
| 1. | здолниште или панталони | 3 | 12 месеци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | кошула со куси ракави | | 5 | 12 месеци |
| 3. | елек | | 3 | 12 месеци |
| 4. | обувки | | 1 | 12 месеци |
| 5. | вратоврска или марама | | | |
| • *Возач, доставувач*<br>• *Работник на пријавница*<br>• *Домаќин* | | | | |
| **А) Делови на зимска службена облека** | | | | |
| 1. | класичен костум | палто | 3 | 12 месеци |
| | | здолниште или панталони | 3 | |
| 2. | кошула со долги ракави | | 5 | 12 месеци |
| 3. | вратоврска или марама | | 2 | 12 месеци |
| **Б) Делови на летна службена облека** | | | | |
| 1. | класичен костум | палто | 3 | 12 месеци |
| | | здолниште или панталони | 3 | |
| 2. | кошула со куси ракави | | 5 | 12 месеци |
| 3. | вратоврска или марама | | 2 | 12 месеци |

Времетраењето на службената облека односно роковите од став 1 на овој член почнуваат да течат од денот кога вработените односно ангажираните надворешни соработници во Агенцијата, ја примиле, односно биле задолжени со службената облека.

**Член 9**

Ако вработените односно ангажираните надворешни соработници во Агенцијата отсуствуваат од работа подолго од 6 (шест) месеци по било која основа, рокот на времетраење на службената облека, односно на одделните делови на службената облека, се продолжува за време колку што вработените односно ангажираните надворешни соработници во Агенцијата отсуствувале од работа.

**Член 10**

По истекот на роковите на член 8 од овој Правилник, службената облека преминува во сопственост на вработениот на кој му е дадена.

**Член 11**

Ако на вработениот односно ангажираниот надворешен соработник во Агенцијата му престанал работниот однос/ангажман пред истекот на рокот на траење на службената облека, вработениот односно надворешниот соработник може да ја задржи службената облека со плаќање надоместок.

Одредбата од став 1 на овој член не се применува во случај на настапување смрт на вработениот/ангажираниот надворешен соработник, односно кога тој оди во пензија.

**Член 12**

Ако службената облека, односно дел од службената облека вработениот/ангажираниот надворешен соработник ја уништи или оштети по своја вина, ги сноси трошоците за набавка на нова службена облека, односно дел од облеката.

Ако службената облека или определен дел од службената облека е уништена или оштетена без вина на вработениот/ангажираниот надворешен соработник, тој има право на нова службена облека, односно соодветен дел – парче од службената облека, без надоместок.

## 3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

(Член 13 од Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година)

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за службена облека на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија бр.02-2855/1 од 26.09.2008 година.

**Член 14**

(Член 14 од Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година)

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 15**

(Член 9 од Правилникот бр.01-5504/1 од 18.09.2015 година за изменување и дополнување на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година, влегува во сила на денот на неговото донесување и ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 16**

(Член 5 од Правилникот бр.01-5504/2 од 18.12.2015 година за изменување и дополнување на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година и бр. 01-5504/1 од 18.09.2015 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-1880/1 од 12.03.2015 година и бр.01-5504/1 од 18.09.2015 година, влегува во сила на денот на неговото донесување и ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр. 01-7164/1**
**25.12.2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ